**20081392748**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2008 година.

Бр. 07-4787/1
31 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КОНЦЕСИИ И ДРУГИ ВИДОВИ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

Член 1

Во Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија“ број 7/2008), во членот 110 по ставот 1 се додаваат два нови става 2 и 3, кои гласат:

„На постапките за воспоставување и реализација на односи кои по својата содржина и карактер претставуваат односи на договорно или институционално јавно приватно партнерство, во смисла на овој закон, меѓу правни лица од членот 3 став 1 точка 10 на овој закон и други правни и физички лица настанати до влегувањето во сила на Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, нема да се применуваат одредбите на овој закон.

Како почеток на воспоставувањето на односите од ставот 2 на овој член ќе се смета одлуката донесена од јавниот партнер за воспоставување на односи кои имаат карактер на јавно приватно партнерство, во смисла на овој закон.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.